РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Бр.01-166/2
__.__.2018 година

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14 и 27/16), а во врска со член 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.11/18), директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за заштита на личните податоци

### Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за заштита на личните податоци бр.01-1713/3 од 06.10.2017 година, бр.01-1713/6 од 06.11.2017 година и бр.01-166/1 од 18.01.2018 година и тоа:

Во Глава II во членовите 8, 9 и 10 во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа - познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), се бришат деловите:

- За нивоата Б1 и Б2 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (В2) нивото на ЦЕФР односно ИЕЛТ со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 500 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат, Тест ДаФ
- За нивоата Б3 и Б4 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (В1) нивото на ЦЕФР односно ИЕЛТ со 3,5-4,5 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 450 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 135 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат
- За сите нивоа на категорија - В преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (А2) нивото на ЦЕФР односно КЕТ, ИЕЛТ со 3 поени, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 400 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 95 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат

бул.„Гоце Делчев" бр. 18,
П.фах 417, 1000 Скопје
+389 2 3230 635

- За сите нивоа на категорија - Г преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1 (А1) нивото на ЦЕФР односно БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 310 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат.

**Член 2**

Во Глава II во членовите 8, 9 и 10 во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа, се додава/останува следниот текст:

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и положен испит за административно управување за нивоата Б1, Б2, Б3 и Б4 од категоријата - Б.

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Директор,**
**Горан Трајковски**

**Изработил**: Сања Николовска
**Одобрил**: Игор Кузевски

бул. „Гоце Делчев" бр. 18,
П. фах 417, 1000 Скопје
тел. ++ 389 2 3230 635